**Известување за концентрација со којаГЕН-И СОНЦЕ ДООЕЛ Скопјестекнува контрола врз КАВ СОНЦЕ ДОО увоз-извоз Кавадарци**
**(предмет бр. 08-127/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 22.08.2023 година,до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација која се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на Друштво за производство на електрична енергија ГЕН-И СОНЦЕ ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Партизански одреди бр. 15 А/1, Центар, Скопје, над Друштво за производство, трговија и услуги КАВ СОНЦЕ ДОО увоз-извоз Кавадарци, со регистрирано седиште на ул. Ило Костов бр. 31, Кавадарци, Северна Македонија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности**

**ГЕНИ-И СОНЦЕ ДООЕЛ Скопје** припаѓа на ГЕН-И Групата на друштва, активна на следниве пазари преку своите зависни друштва: Словенија, Австрија, Италија, Бугарија, Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Северна Македонија, Албанија, Грција, Турција, Украина и Грузија. Главните активности на ГЕН-И Групата се:

- снабдување со електрична енергија и природен гас до крајни корисници;
- трговија со електрична енергија и природен гас;
- набавка на електрична енергија од големи производителите и од производители кои користат обновливи извори на енергија и високо ефикасни когенеративни постројки (РЕС или ЦХП);
- обезбедување на услуги за енергетска самодоволност и ефикасност на поединци и друштва;
- обезбедување на напредни услуги на деловни партнери и потрошувачи; и
- портфолио на иновативни производи и услуги на енергетскиот пазар во Југоисточна Европа.

ГЕН-И Групата е присутна во Северна Македонија преку ГЕН-И СОНЦЕ ДООЕЛ Скопје со дејност производство на електрична енергија и Друштво за продажба на енергија ГЕН-И ПРОДАЖБА НА ЕНЕРГИЈА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Партизански одреди бр. 15 А/1, Центар, Скопје и со приоритетна дејност – трговија на електрична енергија.

**КАВ СОНЦЕ ДОО Кавадарци** со приоритетна дејност производство на електрична енергија е друштво за посебна намена основано за развој на 8,3 MWAC фотонапонска електроцентрала во близина на Кавадарци, Северна Македонија

Според подносителот на известувањето како релевантен пазар за оценка на предметната концентрација би можел да се дефинира како *пазар на производство и продажба на големо на електрична енергија* на *територијатанаРепублика Северна Македонија*.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј" бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

31.08.2023 година
Скопје